Воспалителни состојби



# Милијарија (просовиден осип/ осип од пот и топлина)

## Важни работи

- Држете го бебето разладено кога времето е жешко
- Избегнувајте тесна облека
- Избегнувајте да користите премногу средства за влажнење на кожата
- Менувајте ги често пелените
- Избегнувајте најлонски гаќички што се облекуваат врз пелените кои имаат тесни ластици на половината
- Избегнувајте сапун ако кожата стане воспалена

## Што е тоа?

Милијаријата е чест проблем кај бебињата на возраст од еден до два месеца. Настанува поради затнатите пори кои претставуваат мали отвори на кожата за потните жлезди. Состојбата е полоша кога времето е топло или ако бебето е прегреано. Може да се јави во разни форми. Најблагата форма се јавува во вид на ситни пликови што лесно пукаат и формираат танки лушпи. Потешката форма може да доведе до создавање на црвени брунчиња со мали пликови, кои чешаат и можат да боцкаат или да чешаат кога се затоплени. Брунчињата траат неколку дена, но можат пак да се појават.

## Каде се јавува?

Милијаријата е најчеста на челото, на образите, очните капаци, и понекогаш на носот. Исто така може да се јави и каде што облеката, на пример, ластикот околу половината, ги затвора потните жлезди.

## Што ја предизвикува?

Во првите неколку месеци од животот потните жлезди на бебињата можат многу лесно да се затнат, и со тоа да настанат различни видови на милијарија. Користењето на преголеми количини средство за навлажнување на кожата или на тесна облека може да ги затне потните пори. Сапуните и прашоците за перење можат уште повеќе да го зголемат проблемот. Некои од нив може да бидат предизвикани и од габична инфекција.

## Како се спречува?

Важно е бебето да се држи разладено  кога времето е жешко. Пелените треба често да се проверуваат и да се менуваат ако се влажни. Треба да се избегнуваат најлонските гаќички што се ставаат врз пелените кои имаат тесен ластик. Ако се користат средства за влажнење на кожата, тие треба да се нанесуваат во танок слој и не премногу често. Кога времето е жешко, да се избегнува користење на мрсни средства за навлажнување на кожата. Миењето на кожата само

со топла вода без сапун може да помогне да се спречи натамошното воспалување.

## Како се лекува?

За благите форми на милијарија не е потребно лекување и тие ќе исчезнат со текот на времето ако бебето се држи свежо и ако се користат само лесни средства за навлажнување на кожата. Понекогаш лекарот можеби ќе мора да препише благ кортизонски крем за да го намали јадежот на кожата ако таа е воспалена. Исто така може да препише и крем против габички.

## Натамошни информации

Вашата медицинска сестра за здравјето на мајките и децата.
Вашиот аптекар.
Вашиот семеен лекар.
Лекар специјалист за кожни болести - дерматолог.

© 2002, Department of Dermatology, St. Vincent’s Hospital Melbourne, Victoria Parade, Fitzroy, Victoria 3065 Australia.